## Езеро Калиманци



Изградено е во 1969 година на реката Брегалница во Овчепалско-истибањската Клисура на 445 метри надморска височина. Браната е камено-насипна со глинено јадро. Висока е 92 м, а круната на браната се наоѓа на кота од 519,5 м и е долга 240 м. Езерото е долго 14 км, широко 0,3 км и длабоко преку 80 м. Зафаќа површина од 4,23 км2 и акумулира 127 милиони м3 вода. Основната намена е за наводнување на околу 28.000 ха главно оризови полиња во Кочанската Котлина. За таа цел изградени се два главни канали од кои десниот има должина од 98 км и водата од ова езеро ја носи дури до Овче Поле, а левиот 36 км. Вишокот на вода се користи и за производство на електрична енергија преку хидроцентралата која има инсталирана моќ од 12,8 MW.





Калата е единствениот остров во акумулацијата Калиманци. На само четири километри од Македонска Каменица се простираат дел од остатоците на доцноантичкиот град кој е потопен во вода. Калата е кратенка од „градот на калајот“, бидејќи од ова место се црпело злато и калај. Загревани се карпи кои имаат златоносни жици и со помош на длета тие жици се вадени и потоа претопувани. Највисоката точка од некогашниот калајски град е на 200 м од дното на Калиманска Река. Овде поминувал патот Виа Игнација. Денес Калата е најмалиот жив „град“ во Македонија. На него живеат само двајца жители.











Најзастапени видови риби се: крапот и кленот